Број: 11 -29/1
Датум: 03.01.2024
Скопје

Врз основа на член 22 , став 1, точка 7 и точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија " бр.5/02), а во врска со Глава II. Проектни активности , точка 4. Парична помош за лица/ семејства во социјален ризик , лекување и елементарна непогода од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2024 година („Службен гласник на општина Карпош" бр. 16/2023), Комисијата за доделување на еднократна парична помош објавува

## ЈАВЕН ПОВИК
### За доделување на еднократна парична помош за лица/семејства во социјален ризик, лекување и елементарна непогода

Согласно Програмските активности на Општина Карпош од областа на детската, социјалната и здравствената заштита за 2024 година, се објавува јавен повик за еднократен паричен надомест за:

-Лица/ семејства во состојба на социјален ризик

- Лекување

- Елементарна непогода ( поплава, пожар )

I. Право на остварување на еднократна парична помош имаат лица/ семејства жители на Општина Карпош ( се докажува со лична карта )

II. Потребни документи

За остварување на правото на паричен надомест потребно е да се достави соодветна документација како доказ за наведеното барање.

III. Висина на финансиката поддршка

Поднесените барања со комплетна документација ги разгледува Комисијата за доделување на еднократна парична помош формирана од Градоначалникот и

врз основа на документите и направениот увид во домот на подносителот на барањето , ја одредува висината на еднократнатa парична помош , која неможе да биде повисока од 30.000,оо денари, а се доделува еднаш во годината.

IV. Начин на пријавување

Комплетните документи може да се поднесат во архивата на Општина Карпош на Ул. „ Радика “ бр. 9 , барака 2.

V. Повикот не е временски ограничен и трае до исцрпување на финансиските средства , но најдоцна до 31.12.2024 година

КОМИСИЈА ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ НА
ЕДНОКРАТНА ПАРИЧНА ПОМОШ

Изготвил:А.П.Кабова
Проверил:Т.П.Гишев